РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-2292/24
20-11-2019

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава, на 24-та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против претседател на Совет на општина поради промена на фактичката состојба односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2292/1 од 05.04.2019 година.

Предметот со број 09-2292/1 од 05.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2292/1 од 05.04.2019 година е оформен по пријава од познат подносител против службено лице претседател на Совет на општина каде што е констатирано дека покрај оваа функција, ја извршува и адвокатската функција.

За надминување на констатираната повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон од лицето побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен од страна на истото лице, Државната комисија на ден 07.11.2019 година е известена дека претседателот на Советот на општина до Адвокатската комора на РСМ на ден 07.11.2019 година поднел барање за мирување на адвокатската дејност , за што до Државната комисија приложи доказ за неговото постапување.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата одржана на ден 15 ноември 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од член 77 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино натамошно постапување поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице постапило по барањето на Државната комисија и во законски предвидениот рок ја отстранило состојбата на судирот на интереси, со ставање на адвокатската дејност во мирување согласно член 24 став 1 од Законот за адвокатурата.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk